# МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА "СОЦИОЛОГИЈАТА И ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ГЛОБАЛНАТА ЕРА"

## 35 ГОДИНИ ИНСТИТУТ ПО СОЦИОЛОГИЈА
## 80 ГОДИНИ ОД ЖИВОТОТ НА ПРОФ. Д-Р БЛАГА ПЕТРОСКА

Скопје - Орид 13-15 јуни 2011 година

Во рамките на одбележувањето 35 години од основањето на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје и 80 години од животот на проф. д-р Блага Петроска, основач на Институтот, се организираше меѓународната научна конференција *Социологијата и предизвиците на глобалната ера*, во периодот од 13 до 15 јуни 2011 година во Скопје и Охрид. Одбележувањето на овие два значајни јубилеја, започна со средба со проф. д-р Блага Петроска на Филозофскиот факултет во Скопје. За нејзиниот живот и дело зборуваше проф. д-р Ѓорѓе Младеновски.

Меѓународната научна конференција *Социологијата и предизвиците на глобалната ера,* започна со поздравните говори на проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, претседател на организациониот одбор, раководителот на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје, проф. д-р Зоран Матевски кој истакна дека трајната определба на Институтот за социологија е да се организираат вакви меѓународни семинари, како и подготвеноста за соработка и со други универзитети од целиот свет. Освен учесниците социолози од Република Македонија, учество зедоа и социолози од универзитетите во Загреб и Краков. Одреден број поканети учесници на Конференцијата беа спречени да учествуваат. На Конференцијата се работеше во пет сесии.

Првата сесија беше посветена на актуелните прашања во современата социологија: глобализацијата и идентитетот; фокус на социологијата во глобалната ера; религиската толеранција; општествените функции на уметноста во современото доба; религијата и глобализацијата; перцепции, искуства и ставови за половата дискриминација на пазарот на трудот во Хрватска.

Втората сесија ги опфати прашањата како што се: инаквоста во периодот на глобализацијата; развојот на социологијата во услови на глобализацијата; македонското општество во процесите на транзиција и глобализација; глобализацијата и интензивирањето на општествените односи.

Третата сесија ги содржеше прашањата за општествените промени и современиот човек во услови на постиндустриско општество; виртуелните мрежи и протестот во Хрватска 2011; субјективната димензија на безбедноста; квалитетот и претставувањето на квалитативниот пристап во истражувањата во социјалната демографија; социолошкото истражување како моќен инструмент за успешно вклучување на Република Македонија во мрежата на глобализацијата.

Четвртата сесија расправаше за вградените практики: ритуалот и репродукцијата на местото во Западна Македонија; социолошките аспекти на детската сиромаштија во Република Македонија; античкото сфаќање на музиката во современото социо-културно живеење; карактеристиките на трудот во глобалното доба; општествените промени во услови на глобализација и нивниот одраз врз националните безбедносни системи.

Петтата сесија беше посветена на перцепциите за глобализацијата во Република Македонија; насилството во училиштата во Република Македонија; социолошките истражувања во функција на нормативната регулатива; теориите за ризикот како современа социолошка парадигма во ерата на глобализацијата.

На завршна сесија беа изнесени заклучните согледувања. Голем дел од учесниците ги изнесоа своите импресии од Конференцијата, посебно за квалитетот на дискусиите и организацијата на двата јубилеја. Трудовите на учесниците на оваа Конференција ќе бидат публикувани во посебен зборник. Посебната вредност на овие трудови е иницирањето на прашањето на социологијата во глобалното доба како во еден поширок теориски контекст, така и во еден истражувачки контекст. Несомнено е, дека овие трудови ќе ги надополнат научните достигнувања на социологијата во пошироки рамки, а ќе послужат и како корисно четиво за студентите по социологија.

Доц. д-р Марија Дракуловска Чукалевска
Член на организациониот одбор

# INTERNATIONAL SCIENCE "CONFERENCE SOCIOLOGY AND THE CHALLENGES OF THE GLOBAL ERA" 35 YEARS INSTITUTE OF SOCIOLOGY 80 YEARS OF THE LIFE OF PROF. DR. BLAGA PETROSKA

Skopje - Ohrid 13-15 june 2011

Within the celebration of 35 years since the foundation of the Institute of Sociology at the Faculty of Philosophy at 'St. Cyril and Methodius' University in Skopje and 80 years of the life of Prof. Dr. Blaga Petroska, founder of the Institute, the International Science Conference 'Sociology and the challenges of the global era' was organized, between 13 and 15 June 2011 in Skopje and Ohrid. The celebration of these two significant anniversaries began with the meeting with Prof. Dr. Blaga Petroska at the Faculty of Philosophy in Skopje. Prof. Dr. Gjorgje Mladenovski was the one who spoke about her life and work.

The International Science Conference 'Sociology and the challenges of the global era' began with the saluting speeches from Prof. Dr. Gjorgje Mladenovski, president of the organization committee and the head of the Institute of Sociology at the Faculty of Philosophy in Skopje, Prof. Dr. Zoran Matevski who stated that the permanent orientation of the Institute of Sociology is the to organize international seminars like this one, and also the preparedness with other Universities throughout the world. Other than sociologist participants from the Republic of Macedonia, sociologists from the Universities in Zagreb and Krakov took part in this International Science Conference. A number of invited participants of the Conference were prevented to participate, although they were in the program of the Conference. The Conference consisted of five sessions.

The first session was devoted to the current issues in contemporary sociology: globalization and identity; focus of the sociology in the global era; religious tolerance; social functions of art in the modern age; religion and globalization; perceptions, experiences and views of the gender discrimination of the labor market in Croatia.

The second session addressed issues such as: the differences of the period of globalization; the development of the sociology in the globalization's conditions; the Macedonian society in the transition and globalization processes; the globalization and the intensifying of the social relationships.

The third session contained the issues of the social changes and the modern man in the conditions of the postindustrial society; the virtual networks and the protest in Croatia 2011; the subjective dimension of the security; the quality and the presentation of the qualitative approach in the social demographics researches; the sociological research as a powerful instrument for successful inclusion of the Republic of Macedonia in the globalization network.

The fourth session discussed the embedded practices: the ritual and the reproduction of the place in Western Macedonia; sociological aspects of the poverty of children in the Republic of Macedonia; the antique comprehension of the music in the contemporary socio-cultural life; the characteristics of the labor in the global era; the social changes in conditions of the globalization and their reflection on the national safety systems.

The fifth session was dedicated to the perceptions of the globalization in the Republic of Macedonia; the violence in schools in the Republic of Macedonia; the sociological researches in the function of the normative regulation; the theories of the risk as a modern sociological paradigm in the era of globalization.

The Conference also had a final session on which the conclusive observations were presented. Many of the participants presented their impressions from the Conference, especially the quality of the discussions and the organization of the two anniversaries. The papers of the participants of this Conference will be published in a separate collection. The special value of these papers is the initiation of the issue of sociology in the global era as a wider theoretical concept. Undoubtedly, these papers will supplement the science achievements of sociology in broader terms, and will serve as a useful reading for the sociology students.

Marija Drakulovska Chukalevska, PhD
Member of the organization committee